*прв пат објавено на КонтраПлан на 10 март, 2012 г.*

# Econ 101: Минимална плата = облигаторна невработеност

## I.

Заложбите за воведување минимална плата[1], за жал, се засноваат на теза дека реалноста може да се промени во било кој момент, само ако се има доволно „политичка волја". Поточно, дека висината на цената на трудот може да се одреди со политички декрет независно од пазарните услови.

Облигаторната и политичката природа на мин.плата како политичко-економски институт е (обид за) *негација* на слободниот пазар и договорната волја на засегнатите страни (дел од работниците и работодавачите). Без разлика што скоро земји имаат одредено минимална плата со исклучок на Швајцарија, Лихтештајн, Сингапур, УАЕ (и уште неколку земји), неспоиво е, односно контрадикторно е истовремено да се декларираш како пазарна економија и да воведуваш минимална плата. Или луѓето се слободни да ги договораат условите на работата, вклучувајќи ја и платата, или пак не се.

Токму поради ова, нобеловецот James M. Buchanan изјави:

> ниту еден сериозен економист кој ја почитува својата професија не би тврдел дека мин.плата ќе влијае позитивно на вработувањето. Ваквата теза, ако некој сериозно ја застапува, е еквивалент на негација дека воопшто постои минимален научен консензус во економијата и, како последица, економистите не мора да се држат до никакви научни стандарди, туку само да ги промовираат своите идеолошки интереси. За среќа, само една шака економисти се спремни да го игнорираат развојот на економската наука во последните два века - за среќа, сеуште не сме станале идеолошки проститутки.[2]

## II.

Утврдувањето на минималната плата од страна на Државата (владата) не претставува ништо друго, освен присилна, облигаторна невработеност. Професор Murray Rothbard, интелектуалец кој поседувал извонредна моќ да ги „чисти" аргументите од демагошка прашина, укажува дека: „...Законот вели: забрането е, т.е. против-законски е било кој да вработи лице за плата пониска од X долари на саат. Ова едноставно значи дека одредени слободни и доброволни работни договори се нелегални – по автоматизам...Запомнете: Законот за минимална плата не создава нови работни места (!) – само забранува,

---

[1] Минималната плата е „најнискиот месечен износ на основната плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок". Таа изнесува „39,6% од просечната бруто плата во РМ за претходната година". Видете чл. 2 и чл.4, ст.1 од Законот за минимална плата во РМ (Сл. весник на РМ бр. 11 од 24.01.2012 година).

[2] Според истражување на American Economic Review, 90% од економистите кои учествувале во истражувањето биле согласни дека мин.плата има негативен ефект врз вработувањето, т.е. дека мин.плата е еден од главните фактори за зголемување на невработеноста помеѓу младите, помалку искусните и ниско продуктивните работници - сите оние кои всушност наводно треба да бидат потпомогнати со овој акт. Видете го истражувањето тука.

т.е. укинува потенцијални вработувања; и, следствено, неизбежен резултат на ваквата мерка е присилна невработеност.[3]

Имено, во првата година од спроведувањето на Законот, висината на минималната (нето) плата во Македонија ќе изнесува 8,050 денари. Секој граѓанин кој би бил вработен за пониска плата од 8,050 денари – секој оној чии трудови способности вредат помалку од овој износ – ќе биде присилно оневозможен да работи! Како што велел Henry Hazlitt:

> не можеме да ја зголемиме вредноста на луѓето со тоа што ќе забраниме било кој да им понуди пониска плата. Ние само ќе го лишиме од правото да има заработувачка согласно неговите способности и конкретните околности, а, истовремено, ќе ја лишиме заедницата дури и од оној скромен придонес кој тој [оној чии трудови способности вредат помалку од 8,050 денари месечно] ќе го постигне. На кратко, [со законот за минимална плата] ние ги заменуваме ниските плати со невработеност.

Да речеме, ако јас се вработам во адвокатска канцеларија и моите услуги граѓаните ги вреднуваат околу 25 евра по единица услуга, а јас работам на 10 адвокатски случаи во месец, тогаш продуктивноста на мојот труд ќе изнесува 250 евра месечно. Ако минималната плата за мојата професија изнесува 300 евра, и ако ги исклучиме сите други фактори, јас нема да можам да најдам работа во адвокатска канцеларија – само поради влијанието на Законот за минимална плата. Ова сликовито го објасни професорот Волтер Блок на Мизес Универзитетот 2011:

> ...замислете си скала преку која се искажуваат потенцијалните плати за еден работник, односно дека неговиот маргинален трудов производ изнесува 10 евра, 20 евра, 30 евра итн. Законски утврдената минимална плата претставува блокада, пречка преку која работникот мора да скокне ако сака да ја добие потенцијалната плата. Што повисоко е поставена пречката, тоа потешко работникот ќе може да ја прескокне. И најжалното е што токму оние кои најмалку се способни за високи скокови, младите без работно искуство, маргинилизираните групи, итн., ќе висат од другата страна на скалата – од странана на невработеноста.

Токму најранливите слоеви од општеството – младите, хендикепираните, неискусните работници итн., т.е. сите оние кои не носат приходи од 8,050 денари месечно – ќе бидат исфрлени од пазарот на труд, односно нема воопшто да бидат вработени.

Проблемот е што работниците кои ќе бидат повредени ќе бидат анонимни граѓани кои ќе останат невработени или пак ќе работат некоја друга работа каде што ќе бидат далеку понепродуктивни – ретко кој ќе може да примети дека повредените се повредени токму поради ваквиот закон!

Најдобро сумирање на проблемот со „облигаторната невработеност“, т.е. минималната плата е следнава: „минималната плата не е бесплатна политика – некој ќе мора да плати за овие егзибиции. Економските истражување индицираат дека оние ќе платат се необучените млади работници преку помалку работни позиции, потрошувачите преку повисоки цени на потрошувачките добра и даночните обврзници преку повисоки даноци или помалку „социјални услуги“.[4]

---

[3] Rothbard, Murray: Making Economic Sense, Ludwig von Mises Institute, 2nd edition (Auburn: Alabama), 2006, p. 134.

[4] Видете кај Wilson, Mark: Increasing the Mandated Minimum Wage, Who Pays the Price?, 1998. Се разбира, бидејќи економијата е како поврзани крвни садови, минималната плата ќе има различни ефекти кои ќе влијаат негативно во различни сектори на различни начини. На пример: 1) Законот може да влијае негативно врз малите бизниси кои би биле потенцијални конкуренти на големите компании (пр. видете го текстот на Лу Роквел за Вол-Март и минималната плата); 2) оние компании кои исплаќаат пониски плати од 8,050 денари месечно ќе бидат принудени или да отпуштат работници или пак да ја корегираат платата – ваквата „корекција“ може да биде компензирана со раст на цените на производите на компанијата и пренос на негативниот ефект од овој Закон врз потрошувачите; 3) Законот е

## III.

За најдобро да ја тестирате логиката позади минималната плата поставете си го следново прашање: Доколку политичарите и синдикатите се грижат за вашите интереси и ако целта на политички утврдената минимална плата е да се заштитат граѓаните кои се во потешка економска состојба – без разлика на нивната пазарна вредност – зошто Владата не утврди висина на минимална плата во износ од 1,000 евра!? Зошто „грижата за работниците" застанува само на 8,050 денари месечно?[5]

Логично, доколку цената на трудот не се одредува од пазарните интеракции и доколку минималната плата би имала позитивни а не негативни ефекти, би требало политичарите да ја одредат на што повисоко ниво!

Зошто да немаме сите по 1,000 евра минимална плата – денеска?

Е, зошто де!?

---

дискриминаторски кон одредени групи граѓани чија „цена на труд" е пониска од 8,050 денари месечно – овие граѓани ќе бидат спречени да акумулираат потребно работно искуство и да се стекнат со компетитивност со која ќе конкурираат на другите работници; 4) доколку минималната плата влијае врз пазарот на труд, можеме да очекуваме дека дел од оние кои ќе бидат спречени легално да бидат вработени, ќе работат на „сиво" – ова ќе води до пад на даночните приходи и намалување на потенцијалите на Државата да се „грижи" за помалку среќните; 5) можеби најважно од сé, Законот за минимална плата го укинува слободниот избор на граѓаните во оваа област и го заменува со политичка одлука.

[5] Дополнително, колкав ќе биде негативниот ефект од минималната плата ќе зависи од тоа колку овој политички декрет е во согласност со реалноста, односно колку висината на минималната плата е повисока или пониска од платата која би била одредена од пазарните интеракции. На пример, минимална плата во износ од 1,000 денари месечно нема да има никаков ефект врз пазарот на труд бидејќи (скоро) секој работник произведува добра и услуги кои другите граѓани ги вреднуваат повисоко од 1,000 денари. Или доколку одредена компанија исплаќа најниска плата на работниците во износ од 15,000 денари, Законот нема да има никаков негативен ефект врз нејзиното работење и вработените во компанијата

**АНЕКС I:**

**КАКО СЕ ДЕТЕРМИНИРА „ЦЕНАТА НА ТРУДОТ“ НА СЛОБОДЕН ПАЗАР**

Спротивно на етатистичката демагогија и евтиниот популизам, платите не можат да бидат реално покачени со политички декрет. Висината на „цената на трудот“ на слободен пазар е детерминирана од маргиналната вредност на производот (DMVP) кој го создава работникот, дисконтирана по важечката каматна стапка во моментот на вреднување. Маргиналната вредност на производот (MVP) кој го создава работникот е зависна од маргиналната физичка продуктивност (MPP) – материјалниот производ (добра или услуги) кој го создава работникот во одреден временски период – и од субјективните вреднувања на потрошувачите (цената на производот, P).

Истото изразено во математичка формула е: MVP=MPP x P.

Она што се случува на слободен пазар е следново: одреден претприемач ја проценува DMVP на одреден работник, односно се обидува да процени колку ќар ќе му донесе вработувањето на работникот за одреден временски период. Ќарот на претприемачот ќе биде директно зависен од тоа колку работникот квантитативно ќе произведе единици производ и по која цена истите ќе можат да бидат продадени.

Со оглед на тоа дека најчесто претприемачот треба да му понуди и исплати месечна плата на работникот пред да го продаде неговиот производ, MVP се дисконтира со помош на каматната стапка и се добива сегашната вредност на идната вредност на производот кој ќе го создаде работникот. Платата на работникот тежнее кон точката на DMVP.

Поинаку кажано, на слободен пазар, работникот е платен онолку колку што е вреднуван неговиот производ од Општеството, т.е. од неговите сожители!

Оттука, очигледно е дека висината на платата на работникот е зависна од побарувачката, т.е. вреднувањето на неговиот производ и конкуренцијата во определениот временски период во економијата. Тогаш, доколку нема значителна промена во побарувачката, т.е. вкусовите и желбите на потрошувачите, платите на работниците можат да се зголемат само на еден природен, мирољубив и доброволен начин, а тоа е преку зголемување на нивната продуктивност – за истото работно време да создаваат повеќе производи!

Својата продуктивност може да ја зголемат на повеќе начини – поголемо искуство, стекнување нови вештини и, главно, со помош на капитал, „средства за производство“. Сите други начини на зголемување на платите се можни само доколку се примени насилство и принуда – она што го прави Државата преку Законот за минималната плата во РМ.

Повеќе од јасно, ваквиот варварски пристап не може да претставува морален чин и „грижа“ за понесреќните!